## Додаток I

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

EKO-TEAM



**Друштвото за Заштита на Животната Средина „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО, Скопје**
**Барање за А интегрирана еколошка дозвола**

**СОДРЖИНА:**

Додаток I........................................................................................ 1

ОПШТИ ПОДАТОЦИ........................................................................ 1

1. Вовед ............................................................................................ 3

1.1 Информации за инсталацијата ............................................................ 3

ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ I ................................................................ 5

Прилог 1: Тековна Состојба.................................................................. 6

Прилог 2: Микро и макро локација ........................................................ 9

Прилог 3: Катастарска парцела и Имотен лист .................................... 11

Прилог 4: Потврда од Општина Гази Баба, Скопје ................................ 15

Прилог 5: Дозволи за вршење на дејност ............................................ 17

.................................................................................................................. 26

Прилог 6: Решение за одобрување на елаборат за заштита на животнта средина;
.................................................................................................................. 29

Во согласност со барањата на Законот за животна средина ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/05 од 21 Октомври 2005), Правилникот за постапката за добивање А-интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 4/2006) и останатата законска регулатива, Друштвото за Заштита на Животната Средина „ЕКО-ТЕАМ" ДОО Скопје, пристапи кон изработка на Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола до Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со барањата на законската регулатива.

# 1. Вовед

Друштвото ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје е основано на 26.06.2008 год., една од основните дејности на Друштвото е управување и постапување со опасен и неопасен отпад. Во текот на своето работење компанијата употребува сопствена опрема и возила, применува напредни технолошки методи и постапки во областа на управување и постапување со отпадот и заштита на животната средина.

Компанијата поседува дозволи за вршење на дејност издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

- Дозвола за вршење на дејност – Складирање и третман на отпад;
- Дозвола за вршење на дејност – Собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад;
- Дозвола за вршење на дејност – Дозвола за Собирање и транспортирање на опасен отпад;

Изборот на процесите за третман на опасен и неопасен отпад е базиран на најдобрите достапни техники за обработка на отпад и овозможуваат употреба на опрема која може да се користи како постојана поставка во постоечката инсталација или времено на локациите на самото место на настанување на отпадот.

## 1.1 Информации за инсталацијата

Постоечката инсталација е во сопственост на Друштвото за Заштита на Животната Средина, „ЕКО-ТЕАМ" ДОО, Скопје се наоѓа во склоп на индустриската зона „Рудници и Железарница Скопје " на територијата на општина Гази Баба, Скопје.




Површината на објектот изнесува 8931 $m^2$.

Компанијата е во процедура за откуп на земјиштето од дворното место и парцелата под објектот.

Во продолжение табела и приказ на географски координати на објектот преземени од апликацијата Google earth:

| **Локација Објект** | **Географска Ширина** [X] | **Географска Должина** [Y] |
|---|---|---|
| Север-Запад | 42° 0'42.79"S | 21°28'25.23"I |
| Север-Исток | 42° 0'41.92"S | 21°28'27.93"I |
| Југ-Запад | 42° 0'39.94"S | 21°28'30.47"I |
| Југ-Исток | 42° 0'39.81"S | 21°28'24.85"I |

Координати на објектот на ДЗЖС ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје

Општина Гази Баба се простира во источниот дел на скопската котлина и на градот Скопје во горниот тек на реката Вардар. Пречникот на простирање на Општината во правец исток – запад изнесува 10 km, а во правец север – југ 15 km. Општина Гази Баба се граничи со скопските општини Бутел и Чаир на север, на запад со Центар и Аеродром, на југ со Илинден и Петровец и на исток со Арачиново и Липково.

# ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ I

**Прилог 1: Тековна Состојба**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Трговски регистар и регистар на други правни лица
www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120190064536
Датум и време: 17.12.2019 г. 11:47:50

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6371698 |
| **Целосен назив:** | Друштво за заштита на животна средина ЕКО - TEAM ДОО Скопје |
| **Кратко име:** | ЕКО - TEAM ДОО Скопје |
| **Седиште:** | ПЕРО НАКОВ ББ СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА |
| **Вид на субјект на упис:** | ДОО |
| **Датум на основање:** | 26.6.2008 г. |
| **Времетраење:** | Неограничено |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4030008034550 |
| **Потекло на капиталот:** | Мешовит |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.3 - друштво со ограничена одговорност |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог EUR:** | 5.000,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 5.000,00 |
| **Вкупно основна главнина EUR:** | 5.000,00 |

**СОПСТВЕНИЦИ**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 040038529 |
| **Име и презиме/Назив:** | ИНД-ЕКО Индустриска екологија и заштита на околината д.о.о. Риека |
| **Адреса:** | КОРЗО бр.40/2 РИЕКА, РИЕКА |
| **Држава:** | ХРВАТСКА |

Број: 0805-50/150120190064536 Страна 1 од 3

| | |
|---|---|
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог EUR:** | 4.800,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 4.800,00 |
| **Вкупен влог EUR:** | 4.800,00 |

| | |
|---|---|
| **Име и презиме/Назив:** | ЗОРАН БЛАЖЕВСКИ |
| **Адреса:** | ПРВОМАЈСКА бр.15/32 СКОПЈЕ, КИСЕЛА ВОДА |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог EUR:** | 100,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 100,00 |
| **Вкупен влог EUR:** | 100,00 |

| | |
|---|---|
| **Име и презиме/Назив:** | НИКОЛА ВАСИЌ |
| **Адреса:** | ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ бр.25/6 СКОПЈЕ, АЕРОДРОМ |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог EUR:** | 100,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 100,00 |
| **Вкупен влог EUR:** | 100,00 |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 39.00 - Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Прокурист**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 003289312 |
| **Име и презиме:** | ИЛИЈА ШМИТРАН |
| **Адреса:** | ВЛАДЕ ГРОЗДАНИЌА бр.11 РИЕКА |
| **Држава:** | ХРВАТСКА |
| **Овластувања:** | Поединечна без ограничување |
| **Овластено лице:** | Прокурист |

Број: 0805-50/150120190064536 Страна 2 од 3

| Управител | |
|---|---|
| ЕМБГ: | 004123252 |
| Име и презиме: | ЖЕЉКО ШМИТРАН |
| Адреса: | ВЛАДЕ ГРОЗДАНИЌА бр.11 РИЕКА |
| Држава: | ХРВАТСКА |
| Овластувања: | Управител -дипломиран правник |
| Тип на овластување: | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| Овластено лице: | Управител |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Дополнителни информации: | |
| КОНТАКТ | |
| E-mail: | info@eko-team.net |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:** ______________

**Овластено лице:** ______________

Број: 0805-50/150120190064536

Страна 3 од 3

**Прилог 2: Микро и макро локација**




Макро локација на објектот на ДЗЖС ЕКО-ТЕАМ ДОО, Скопје




Микро локација на објектот на ДЗЖС ЕКО-ТЕАМ ДОО, Скопје

**Прилог 3: Катастарска парцела и Имотен лист**




Катастарски парцели

Центар за катастар на недвижности Скопје

Нотар Дарко Стојкоски

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1105-35379/2019 од 08.03.2019 13:34:47

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski Salter
Издавач: KibsTrust Qualified Certificate Services
Сериски број: d4 ea c4 f4
Валиден до: 01.09.2019
Датум и час на потпишување: 08.03.2019 во 13:35:01
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1105-35379/2019

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 46210 ПРЕПИС

## Катастарска општина: ГАЗИ БАБА

### ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Ред. бр. | ЕМБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 6371698 | ДРУШТВО ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЕКО-ТЕАМ ДОО СКОПЈЕ | ПЕРО НАКОВ ББ, СКОПЈЕ | 1/1 | РЕШЕНИЕ 4.СТ-1322/13 ОД 14,08,2015 ОД ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ. | 1112-20742/2015 | 13.10.2015 14:41:57 |

### ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Бр. на зграда/друг објект | Нам. на згр. и други обј. | Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Бр. на евид. лист | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | | Влез | Кат | Број | | | | | | | | | |
| 2253 | 0 | ЖЕЛЕЗАРА | 1 | Г1-1 | | 1 | ПР | . | ДП | 41 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-20742/2015 | 13.10.2015 14:41:57 |
| 2254 | 0 | ЖЕЛЕЗАРА | 1 | Г1-1 | | 1 | ПР | . | ДП | 2663 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-20742/2015 | 13.10.2015 14:41:57 |

### Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

### Г1.1.ПРАВО НА ЗАЛОГ (ХИПОТЕКА)

| | | |
|---|---|---|
| Носител на правото (доверител) | ЕМБГ / ЕМБС | Адреса / Седиште |
| НЛБ ТУТУНСКА БАНКА А.Д. -СКОПЈЕ | 4664531 | СКОПЈЕ; УЛ. ,, МАЈКА ТЕРЕЗА ,, 1 |
| Хипотекарен должник | ЕМБГ / ЕМБС | Адреса / Седиште |
| ДРУШТВО ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЕКО-ТЕАМ ДОО СКОПЈЕ | 6371698 | СКОПЈЕ; ПЕРО НАКОВ ББ |

| Број на катастарска парцела | | Број на зграда/друг објект | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Износ на побарувањето | Правен основ на запишување | | | Број на предмет по кој е извршено запишување | Датум и час на прием на пријавата за запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | Влез | Кат | Број | | | | | | Назив | Број и датум | Орган што го донел актот/заверил | | |
| 2253 | 0 | 1 | 1 | ПР | . | ДП | 41 | | | 700000 ЕМУ (EU) | ИЗВРШНА ИСПРАВА | ОДУ.БР.631/15 / 16.12.2015 | НОТАР СИЛВАНА ШАНДУЛОВСКА | 1114-8119/2015 | 17.12.2015 11:52:58 |

www.katastar.gov.mk

страна 1 од 2

Центар за катастар на недвижности Скопје

Нотар Дарко Стојкоски

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1105-35379/2019 од 08.03.2019 13:34:47

1105-35379/2019

## ИМОТЕН ЛИСТ број: 46210 ПРЕПИС

## Катастарска општина: ГАЗИ БАБА

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2254 | 0 | 1 | 1 | ПР | . | ДП | 2663 | | | | | | | | |

**Легенда на внесени шифри и кратенки:**

| Шифра | Опис |
|---|---|
| Г1-1 | рудници и градби за потребите на рудниците |
| ДП | деловна просторија |

| Тип | Опис |
|---|---|
| Препис | Цела содржина од имотниот лист |

М.П.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ДАРКО СТОЈКОСКИ
СКОПЈЕ

**Овластено лице:**
**Дарко Стојкоски**
име и презиме, потпис

www.katastar.gov.mk

страна 2 од 2

Центар за катастар на недвижности Скопје

НОТАР АНА ЈОЛАКОСКА СКОПЈЕ

Нотар Ана Јолакоска

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1105-105517/2019 од 28.06.2019 13:21:57

**Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија**
**Издаден на:** Elektronski Salter
**Издавач:** KibsTrust Qualified Certificate Services
**Сериски број:** d4 ea c4 f4
**Валиден до:** 01.09.2019
**Датум и час на потпишување:** 28.06.2019 во 13:22:12
**Документот е дигитално потпишан и е правно валиден**

1105-105517/2019

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 5286 ИЗВОД

## Катастарска општина: ГАЗИ БАБА

**ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Ред. бр. | ЕМБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *** | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | 1/1 | Одобрение за изградба бр. 13-1336/1 од 05.06.1963 година донесено од Секретаријат за индустрија при Извршен совет на НРМ , Градежна дозвола бр. 06-10960 од 31.08.1962 година и Градежна дозвола бр. 06-10644 од 31.08.1962 година и двете издадени од НО на општина Саат Кула, Геодетски елаборат за запишување на промена на култура бр. 547/12 од 10.08.2012 година на АТ-АР д.о.о. Скопје | 1113-15001/2012 | 26.04.2013 11:20:41 |

**ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Број на катастарска парцела | | Викано место/улица | Катастарска | | Површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Бр. на евид. лист | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | култура | класа | | | | | | |
| 2325 | 1 | ЖЕЛЕЗАРА | гнз | | 5029 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-11796/2013 | 04.06.2013 14:09:34 |
| 2325 | 3 | ЖЕЛЕЗАРА | гнз | | 1198 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-11796/2013 | 04.06.2013 14:09:34 |

**Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување**

страна 1 од 2

**Прилог 4: Потврда од Општина Гази Баба, Скопје**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СКОПЈЕ**

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
**Бр. 28-3/678-2 од 27.02.2019 год.**

ДО

**ЕКО-ТЕАМ**
Ул.Перо Наков бб.
Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување

Во врска со Вашето барање Бр. 28-3/678 од 21.02.2019, Ве известуваме дека за КП 2254 КО Гази Баба нема Детален урбанистички план.
Според ГУП на град Скопје предвидена е Градска четврт С17 со намена Г-Производство дистрибуција и сервиси.
Во Прилог Ви доставуваме Копија од план.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

**Снежана Станојловиќ**

МП


CENTRALEN MAGACIN
Ø500
Ø100
Делница 31б
Надземен гасовод Ф89мм
Kolosek br. 40a
2325/1
2254
256.52
257.00
РЛ
E1
ГЛ
2232/8
2232/6
2232/9

## Прилог 5: Дозволи за вршење на дејност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. УП1-31-1049/2019
16. 08. 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето бр. УП1-31-1049/2019 од 16.07.2019 година за добивање на дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад поднесено од Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба на ден 12.08.2019 година издаде

### Д О З В О Л А

### ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ
### СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД

- Носител на дозволата: **Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје**
- Седиште: **Ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба, КП број 2254/0 КО Гази Баба о.Гази Баба во индустриската зона Рудници и Железара Скопје**
- Назив и адреса на подружницата/локацијата/општината
- Матичен број: 6371698
- Даночен број: 4030008034550
- Датум на добивање на дозволата: **12.08.2019 година**
- Важење на дозволата до: **12.08.2024 година**

М.П.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

## I. Опсег на дозволата

а) При вршење на дејноста складирање, пропишани со оваа дозвола правното/физичкото лице Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба користи инсталација која се наоѓа на локација во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба.
Согласно капацитетот на инсталацијата, правното/физичкото лице Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба може да го складира само наведениот отпад и тоа:

**До 1 тони/ден опасен отпад;**

б) При вршење на дејноста третирање, пропишана со оваа дозвола правното/физичкото лице Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба. Согласно капацитетот на инсталацијата, правното/физичкото лице Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба може да врши:

- Физички третман на: 05 01 02*, 05 01 03*, 05 01 06*, 05 01 08*, 06 01 01*, 06 01 02*, 06 01 05*,06 03 11*, 06 05 02*, 07 01 11*, 07 02 07*, 07 02 08*, 07 05 13*, 07 07 09*, 07 07 10*, 07 07 11*, 08 01 11*, 08 01 13*, 08 03 12*, 08 03 17*, 08 04 11*, 08 05 01*, 11 01 09*, 11 01 98*, 12 01 08*, 12 01 09*, 12 01 14*, 13 01 01*, 13 01 05*, 13 01 09*, 13 01 12*, 13 01 13*, 13 02 04*, 13 02 05*, 13 02 06*, 13 02 07*, 13 02 08*, 13 03 01*, 13 03 09*, 13 03 10*, 13 07 01*, 13 07 03*, 13 08 99*, 14 06 03*, 14 06 05*, 15 01 10*, 15 01 11*, 15 02 02*, 16 01 07*, 16 01 13*, 16 01 14*, 16 01 21*, 16 02 09*, 16 02 10*, 16 03 05*, 16 04 03*, 16 05 04*, 16 05 06*, 16 05 07*, 16 05 08*, 16 06 01*, 16 06 02*, 16 06 06*, 16 07 08*, 16 10 01*, 16 10 03*, 18 01 06*, 18 02 05*, 19 01 11*, 19 02 05*, 19 02 08*, 19 02 09*, 19 03 04*, 19 03 06*, 19 08 11*, 19 08 13*, 19 12 11*, 19 12 06*, 19 13 01*, 19 13 03*, 20 01 19* преку постапка селектирање, сортирање, препакување и вакумирање, стврднување и втечнување на отпадот до 1 тони/ден.

- Механички третман на 05 01 02*, 05 01 03*, 05 01 06*, 05 01 08*, 06 01 01*, 06 01 02*, 06 01 05*,06 03 11*, 06 05 02*, 07 01 11*, 07 02 07*, 07 02 08*, 07 05 13*, 07 07 09*, 07 07 10*, 07 07 11*, 08 01 11*, 08 01 13*, 08 03 12*, 08 03 17*, 08 04 11*, 08 05 01*, 11 01 09*, 11 01 98*, 12 01 08*, 12 01 09*, 12 01 14*, 13 01 01*, 13 01 05*, 13 01 09*, 13 01 12*, 13 01 13*, 13 02 04*, 13 02 05*, 13 02 06*, 13 02 07*, 13 02 08*, 13 03 01*, 13 03 09*, 13 03 10*, 13 07 01*, 13 07 03*, 13 08 99*, 14 06 03*, 14 06 05*, 15 01 10*, 15 01 11*, 15 02 02*, 16 01 07*, 16 01 13*, 16 01 14*, 16 01 21*, 16 02 09*, 16 02 10*, 16 03 05*, 16 04 03*, 16 05 04*, 16 05 06*, 16 05 07*, 16 05 08*, 16 06 01*, 16 06

02*, 16 06 06*, 16 07 08*, 16 10 01*, 16 10 03*, 18 01 06*, 18 02 05*, 19 01 11*, 19 02 05*, 19 02 08*, 19 02 09*, 19 03 04*, 19 03 06*, 19 08 11*, 19 08 13*, 19 12 11*, 19 12 06*, 19 13 01*, 19 13 03*, 20 01 19* преку постапка која не го менува хемискиот состав на отпадот до 1 тони/ден.

Дејноста на вршење третман на отпад, во зависност од постапката на третман и карактеристиките на отпадот кој се третира и технологијата и постапките кои се користат, може да се врши на отворен или затворен простор од локацијата или во посебни инсталации лоцирани на неа.

При вршење на дејноста преработка на отпад, пропишана со оваа дозвола правното/физичкото лице Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба. Согласно капацитетот на инсталацијата, правното/физичкото лице Друштво за заштита на животната средина ЕКО- ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков бб Скопје, Општина Гази Баба може да врши преработка преку постапките на:

- Рециклирање на отпадот, до ___________ тони/ден, а за комунален отпад до __________ тони/ден;

- Повторно користење на отпадот, до _________ тони/ден, а за комуналниот отпад до _____________ тони/ден;

- Други видови на преработка на отпадот, до _______ тони/ден,а за комунален отпад до ___________ тони/ден.

Дејноста на преработка на отпад се врши во посебни инсталации во склоп на локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба во зависност од постапката на преработка и својствата на отпадот.
Приемот на отпад на локацијата во населено место во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба се врши од 08 до 17часот, секој ден освен недела.

## II. Раководење со инсталацијата

а) Стручна спрема и други квалификации на вработените и техничка опременост.

- Со дејноста која е предмет на оваа дозвола, раководи одговорно лице на инсталацијата на локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба кој ги поседува

и сите потребни квалификации и доколку е потребно и условите од член 38 од Законот за управување со отпад.

- Во процесот на дејноста за која се издава оваа дозвола работаат работници кои се квалификувани и имаат соодветно стручна спрема и работно искуство и потребна техничка опременост.

б) Структурата на раководењето со локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба треба да биде во согласност со податоците наведени во дел I.2 од барањето.

## III. Податоци и Инфраструктура на локацијата

Воспоставена инфраструктура во согласност со видот на дејноста за која се издава дозволата и техничките и технолошките услови наведени во барањето за добивање на дозволата.

а) Истакне посебна табла за известување на локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба на која ќе има информации за:

- Називот, адресата и телефонот на локацијата;
- Работното време
- Името на операторот;
- Бројот на дозволата и дејноста која се врши во согласност со дозволата;

б) Организиран соодветен систем на обезбедување на локацијата во индустриската зона Рудници и Железара Скопје на КП број 2254/0 КО Гази Баба во општина Гази Баба кое ќе врши надзор на локацијата и работата на системот за видео надзор и ќе спречи секаков вид на недозволен движење и обид за влез во локацијата или инсталациите (како на пр. назначено лице кое ќе биде одговорно во текот на работната смена за безбедноста на локацијата, работата на системот на видео надзорот преку подготовка на распоред за работата на одговорните лица доколку работата на локацијата е поделена во смени. За секое одговорно лице, треба да има назначено и негова замена.

в) Обезбеди посебен простор за возилата со кои се врши транспорт на отпад и опасен отпад до локацијата, во склоп на самата локација и при изнесување и/или извоз на отпад и опасен отпад од инсталацијата како и обезбеден соодветен видео надзор. Пристапот до локацијата и просторот во самата локација треба да биде соодветно обележан и осветлен за да овозможи услови за непречено вршење на транспорт на отпад и опасен отпад. Пристапната патека до локацијата и патеките на движење во локацијата треба да бидат соодветно широки, асфалтирани и соодветно обележани.

г) Во склоп на локацијата каде се одвива дејноста за која е издадена дозволата, треба да се обезбеди простор за чување на документацијата која се однесува на локацијата, дозволата која му е издадена, и сета придружна документација за локацијата и за дејностите кои се опфатени во обемот на дозволата и податоците од видео надзорот, за да може во случај на вршење на контрола, инспектори за животна средина да имаат лесен и едноставен увид.

## IV. Повторно започнување со работа и грижа за животната средина по престанок на вршење на дејностите

При повторно започнување на работа на локацијата/инсталацијата, треба да бидат обезбеди истите услови за работа кои ги исполнувала локацијата/инсталацијата при добивањето на дозволата. Проверка дали се исполнети условите за повторно вршење на дејност во локацијата/инсталацијата врши органот кој ја издал дозволата.

Операторот треба планот за грижа по затворање да го поседува во локацијата каде се врши дејноста и постојано да го ажурира во согласност со инструкциите на Министерството за животна средина и просторно планирање и интензитетот на дејностите кои ги врши како и други релевантни податоци за инсталацијата согласно овој правилник.

## V. Работа на инсталацијата

а) Во програмата за работа на локацијата, треба да има внесено начинот и постапката за прием на отпад во локацијата и начинот и постапката за обезбедување на видео надзорот, начинот на селектирање на различни видови на отпад, водење на евиденција за отпадот, и лице кое е одговорно за прием на отпадот во локацијата.

б) Прием на отпад во локацијата врши лице кое е назначено одговорно лице или приемот го врши управителот со отпад доколку има. При прием на отпад во локацијата, одговорното лице врши увид во придружната документација и доколку отпадот не е од тековно производство односно таков вид на отпад за првпат се прима во локацијата, одговорното лице зема примероци преку кои ќе се изврши анализа за отпадот. При прием и анализа на примениот отпад лицето одговорно за прием води евиденција и истата ја архивира во местото означено за чување на евиденција за прием на отпад. Во местото за архива се чуваат и податоците од видео надзорот согласно Законот за управување со отпад

в) По приемот на отпадот во локацијата, истиот се транспортира до местото означено соодветно на видот на отпадот. Внатрешниот транспорт го вршат работници квалификувани за вршење на превоз со помошна механизација, со

средства за транспорт со кои се спречува, а доколку тоа е невозможно, максимално се намалува ризикот за растурање, излевање и прелевање на отпадот. При прием на различни видови на отпад, лицето одговорно за прием дава инструкции за селектирање и одвојување на различните видови на отпад на работниците кои вршат транспорт на примениот отпад.

г) Во програмата за работа која се изработува и применува за локацијата за која се издава дозвола, се определуваат и услови за одржување на опремата за работа, условите за одржување на системот за видео надзор, помошната механизација со која се врши внатрешен транспорт и на технологијата која се користи во инсталацијата во зависност од дејноста која се врши. Проверката на помошната механизација, опремата за работа и на садовите за складирање се врши најмалку два пати во една календарска година, а за технологијата која се користи во инсталацијата најмалку еднаш годишно во една календарска година.

Записниците за извршената проверка се чуваат заедно со другата евиденција во просториите наменети за чување на документи.

## VI. Емисии

Гранични вредности.

6.1 Емисии во вода
6.2 Емисии во системот на канализација
6.3 Емисии во почва

## VII. Контрола на бучава

Се обезбедува услови за целосно елиминирање или максимално намалување на бучавата која се создава при вршење на дејност на локацијата. Примената на соодветни методи за контрола на бучавата.

## VIII. Мониторинг

Се врши мониторинг најмалку двапати годишно, дали се исполнети стандардите и дали се почитуваат граничните вредности кои се однесуваат на:

- Бучава
- Површински и подземни води.
- Воздух
- Системот на канализација на локацијата.

Опремата за мониторинг се инсталира на сите точки на емисија и истата е инсталирана согласно стандардите за употреба.

Операторот обезбедува безбеден и постојан пристап до мерните места, за да овозможи земање на примероци и пристап до други мерни места по барање на надлежниот орган.

## IX. Постапување во итни случаи

Во случај на непредвиден настан, веднаш се идентификува случајот и се повикува државниот инспекторат за животна средина, по потреба како и други релевантни инспектори, се спроведува истрага за идентификување на природата и причините, се изолира изворот во случај на емисија, се оценува загаденоста на животната средина доколку постои загадување.

За настанатите итни случаи, се води евиденција која ја доставува до надлежен орган по негово барање .

## X. Водење евиденција

За водење на евиденција се чува следните документи во просториите на локацијата: дозволата, постапките кои се однесуваат на дејноста, евиденција за сите земени примероци, анализи, испитувања согласно со барањето за добивање на дозвола и мониторинг на влијанијата врз животната средина и податоците од видео надзорот.

Се води досие за секој прием на отпад на локацијата,евиденција за известување согласно член 106-а од Законот за управување со отпад и во секое време се обезбедува слободен пристап на инспекторите за животна средина до евиденцијата која се однесува на работата и праксата при управување со отпад на локацијата. Исто така се води евиденција за сите поплаки за работата на локацијата кои се доставени.

## XI. Известување и поднесување на извештаи

Било каква измена на локацијата се врши со претходно известување и писмена согласност со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Доколку поинаку не е определено, сите извештаи и известувања се доставуваат освен до надлежниот орган и до инспекторатот за животна средина, и тоа еден примерок во оригинал и две копии, форматирано согласно пропишана форма, навремено и по можност и во електронска форма.

Се доставува годишен извештај за работата на локацијата, а доколку имало итен случај тогаш се доставува и извештај за истиот.

Во случаите на извоз на отпад се доставува известување на начин согласно член 106-а од Законот за управување со отпад.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. УП1-31-354/2019
03. 04. 2019 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад со архивски број **УП1-31-354/2019** поднесено од страна на **ДЗШС ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со седиште на **ул.Перо Наков бб., Општина Гази Баба, Скопје,** на ден **26.03.2019** година издаде

# Д О З В О Л А

## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

- Носител на дозволата: **Друштво за заштита на животната средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје**
- Седиште: **ул.Перо Наков бб., Општина Гази Баба, Скопје**
- Матичен број: **6371698**
- Даночен број: **4030008034550**
- Евидентен број на дозволата: 57 од **25.03.2019 година**
- Датум на издавање на дозволата **26.03.2019 година**
- Важење на дозволата до **26.03.2024 година**

М.П.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

**Дата**: 26.03.2019
**Арх. број**: УП1-31-354/2019

Министерот за животна средина и просторно планирање, по барање на правниот субјект ДЗШС ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје, врз основа на член 87 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ бр. 124/15"), член 37 од Законот за административните такси ("Сл. весник на РМ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 245/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 92/07, 88/08, 130/08, 06/10, 145/10, 17/11, 84/12") и во врска со член 45 став 2, 3, 4 и 5 од Законот за управување со отпад ("Сл. весник на РМ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15, 39/16 и 63/16), донесе:

## Решение
## за плаќање административна такса за добивање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и другите видови на неопасен отпад

1. Правниот субјект **Друштво за заштита на животната средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје** со седиште на **ул.Перо Наков бб., Општина Гази Баба, Скопје** е должен врз основа на дозвола со број **УП1-31-354/2019** од **26.03.2019 год**. да уплати средства во вкупен износ од 9.000,00 (девет илјади) денари во рок од 8 дена.
2. Средствата од точка 1 на ова Решение правниот субјект ги уплаќа на следната сметка 840 .... 03161, врска со приходно конто 722313
   Трезорска сметка на НБ 100000000063095
3. Жалбата не го задржува извршувањето на Решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по предметното барање бр. УП1-31-354/2019 од 13.03.2019 година доставено од правниот субјект ДЗШС ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје, а врз основа на дозволата за собирање и транспортирање на комунален и други видови неопасен отпад, Министерството за животна средина и просторно планирање му издава решение за плаќање административна такса за добивање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и други видови неопасен отпад заведено со архивски број УП1-31-354/2019. Врз основа на член 37 (тарифен број 51) од Законот за административните такси, а во врска со член 45 став 2,3,4 и 5 од Законот за управување со отпад, се утврди дека административната такса кој правниот субјект е должен да ја плати изнесува 9.000,00 (девет илјади) денари.

Врз основа на горенаведеното, органот одлучи како во диспозитивот на Решението.

Упатство за правно средство: Против ова Решение може да се изјави жалба до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор спепен , во рок од 8 дена таксирана со 250,00 денари административни такси на уплатна сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезорската сметка.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

1

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-23-251/2017
26.05. 2017 год.
СКОПЈЕ

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на опасен отпад поднесено од страна на Друштво за заштита на животната средина ЕКО ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул.Перо Наков бб Скопје, на ден 27.03.2017 година, издаде:

# Д О З В О Л А

## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОПАСЕН ОТПАД

- Носител на дозволата: **Друштво за заштита на животната средина ЕКО ТЕАМ ДОО Скопје**
- Седиште: ул.Перо Наков бб Скопје
- Матичен број: 6371698
- Даночен број: 4030008034550
- Евидентен број на дозволата: 21 од 23.03.2017 година
- Датум на издавање на дозволата: 27.03. 2017 година
- Важење на дозволата до: 27.03. 2027 година

Изработил: Ивана Блажевска
Контролирал: Тања Пауновска
Одобрил: Тодор Ѓорговски

М.П

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

## Листа на видови отпад

1. SK-976-UH MERCEDES Товарно возило
2. SK-9974-AI MAN Товарно возило
3. SK-035-SR MAN Товарно возило
4. SK-2102-AG MERCEDES Товарно возило
5. SK-514-TA IVECO Товарно возило
6. SK-230-VL IVECO Товарно возило

| Ред.број | Шифра на отпадот | Вид на отпадот |
|---|---|---|
| 1. | 01 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад што се создава при истражување, ископување и физичка и хемиска обработка на минерални суровини |
| 2. | 05 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од рафинирање нафта, пречистување природен гас и пиролиза на јаглен |
| 3. | 06 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од неоргански хемиски процеси |
| 4. | 07 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од органски хемиски процеси |
| 5. | 08 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од ПФПТУ (производство, формулирање, пакување, транспортирање и употреба) на превлеки (бои, лакови и стаклести емајли), лепила, заптивни маси и печатарски бои |
| 6. | 09 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од фотографска дејност |
| 7. | 10 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од термички процеси |
| 8. | 11 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од хемиска обработка на површините и превлекување метали и други материјали; хидрометалургија на обоени метали |
| 9. | 12 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од обликување на физичка и механичка обработка на површините на метали и пластики |
| 10. | 13 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од масла и течни горива (освен од маслата за јадење и од оние во групите 05, 12 и 19) |

| Ред.број | Шифра на отпадот | Вид на отпадот |
|---|---|---|
| 11. | 14 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпадни органски растворачи, разладни средства и реактивни горива (освен 07 и 08) |
| 12. | 15 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од пакување, абсорбенти, крпи за бришење, материјали од филтри и заштитна облека што не е специјализиран поинаку |
| 13. | 16 01 07*, 16 01 13*, 16 01 14* (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Филтри за масло, флуиди за системи за кочење, антифриз што содржи опасни супстанци |
| 14. | 17 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Шут од градење и рушење (вклучувајќи ископана почва од загадени подрачја) |
| 15. | 18 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад што се создава при заштита на здравјето на луѓето и животните и/или сродни истражувања (освен отпад од кујните и ресторанците кој не произлегува од непосредната здравствена заштита) |
| 16. | 19 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Отпад од постројките за постапување со отпадот, постројките за обработка на отпадна вода надвор од местото на создавање и за подготовка на вода за пиење и вода за индустриска употреба. |
| 17. | 20 (сите подгрупи на опасен отпад (*) ) | Комунален отпад (отпад од домаќинства и сличен отпад од комерцијална, индустриска и административна дејност) вклучувајќи ги и фракциите селектиран отпад |

**Прилог 6: Решение за одобрување на елаборат за заштита на животнта средина;**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-11/4-200/2019 од 03. 04. 2019 година
Скопје

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајки по барањето на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје на Ул. Перо Наков бб-Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-200/2019 од 13.02.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина**

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина, со број 03-0215/1, од 13.02.2019 година, изготвен од страна на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје, за изведување на проект: Реконструкција и проширување на постоечка инсталација за собирање, складирање и третман на опасен и неопасен отпад, за потребите на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со Реконструкција и проширување на постоечка инсталација за собирање, складирање и третман на опасен и неопасен отпад во општина Гази Баба, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Образложение**

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина, за изведување на проект: Реконструкција и проширување на постоечка инсталација за собирање, складирање и третман на опасен и неопасен отпад, за потребите на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје.

Локацијата се наоѓа во склоп на индустриската зона Рудници и Железарница Скопје на КП број 2254/0, КО Гази Баба во општина Гази Баба-Скопје. На инсталацијата во работниот процес ќе бидат опфатени следените групи видови на отпад:
01, 02, 03, 04, 05, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 13 (освен 05 и 12), 14(освен 07 и 08), 15, 16, 17, 18, 19 и 20. Видовите на отпад кои што ќе бидат складирани/третирани се дефинирани во Прилог 1 од Елаборат за заштита на животната средина.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Директор на**
**Управа за животна средина**
**Xhezair Saliu**

Подготвил: Александар Петковски
Контролирал/Согласен: Билјана Петкоска